РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 89/4
13.03. 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 49 седница одржана на 13.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Градежништво", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Градежен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Градежништво", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Градежен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по технички науки во поле на градежништво/во меѓународен промет академски назив: Doctor of technical sciences in civil engineering
Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.01 Градежништво, Научно - истражувачко област: 2.01.01 Градежништво.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Кирил Граматиков, проф. д-р Мери Цветковска, проф. д-р Елена Думова Јованоска, проф. д-р Горан Марковски, проф. д-р Тодорка Самарџиоска, проф. д-р Владимир Витанов, проф. д-р Сергеј Чурилов, проф. д-р Ана Т. Граврилоска, проф. д-р Тони Арангеловски, проф. д-р Коце Тодоров, проф. д-р Денис Поповски, проф. д-р Дарко Наков, проф. д-р Љупчо Петковски, проф. д-р Катерина Доневска, проф. д-р Петко Пеливаноски, проф. д-р Виолета Ѓешовска, проф. д-р Стевчо Митовски, проф. д-р Зоран Кракутовски, проф. д-р Дарко Мославац, проф. д-р Горан Мијоски, проф. д-р Златко Зафировски, проф. д-р Милорад Јовановски, проф. д-р Љупчо Димитриевски, проф. д-р Јосиф Јосифовски, проф. д-р Јован Папиќ, проф. д-р Игор Пешевски, проф. д-р Валентина Ж. Панчовска, проф. д-р Маријана Лазаревска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-1440/3 од 29.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Градежништво", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Градежен факултет при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-28-1 од 14.01.2026 година (наш бр. 08 - 89/1 од 21.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 47-та седницата одржана на 29.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 89/3 од 17.02.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 49-та седница одржана на 13.02.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски